**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-220/9**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2007 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за приходи од самофинансирачки активности за 2005 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Сулејман Рушити Министер од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03-30.05.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Спротивно на Законот за буџетите на Сметката за приходи од самофинансирачки активности неосновано се остварени приходи во износ од 600 илјади денари од повраќај на средства за нереализирано печатење на научни трудови и списанија кои биле исплатени од буџетската сметка врз основа на Одлука донесена од Министерот за доделување на средства за учество во финансирањето на печатарските трошоци на научни трудови и научни списанија за 2006 год. Повратот на средствата на сметката за приходи од самофинансирачки активности, наместо во Буџетот на РМ има за ефект неосновано остварени приходи на оваа сметка и ненаменски направени расходи.

**Препорака**

1. Раководителот на Секторот за финансии да преземе соодветни мерки погрешно уплатените средства на сметката за приходи од самофинансирачки активности да се вратат во Буџетот на РМ.

10.2. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

10.2.1. Од ставката Стоки и услуги извршени се одредени исплати спротивно на законските прописи кои што упатуваат на нерационално и нееекономично трошење на средства од буџетот на РМ и тоа по следните основи :

- За работа во Комисијата за јавни набавки од оваа сметка исплатени се средства во вкупен износ од 987 илјади денари иако Законот за јавни набавки не предвидува надомест на членовите на комисијата;
- За подготвување на елаборат за извршениот попис на средствата и изворите на средства во Министерството што претставува обврска на комисијата за вршење на попис согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници исплатени се 84 илјади денари;
- За финансирање на научни работници за службени патувања во странство на кои што целта на патувањето не им била учество на научен собир исплатени се 322 илјади денари, спротивно на Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за поттикнување и помагање на научно истражувачката дејност технолошки развој и техничка култура;

- Исплата по фактура за угостителски услуги во износ од 80 илјади денари без спецификација на услугата, а која што е веќе платена од буџетската сметка.

Ваквите исплати истовремено преставуваат и ненаменско трошење на буџетски средства во вкупен износ од 1.473 илјади денари, спротивно на Законот за буџетите.

**Препорака**

1. Министерот за образование и наука да превземе мерки за напуштање на праксата за дополнителна исплата на вработените по разни основи, а за надворешните лица да се почитуваат воспоставените процедури во постојните Правилници.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за образование и наука - Сметка за приходи од самофинансирачки активности на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесено во точките 10.1.1. и 10.2.1. кај Министерството за образование и наука - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

13. **<u>Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2005 година</u>**

    Напуштена е праксата за наплата на приходите од продажба на тендерска документација во готово и извршено е проценување на билансните позиции според основното сметководствено начело на парично искажување, додека за наодите утврдени во точката 10.2.1. од овој Извештај кои се констатирани и во ревизорскиот извештај за 2005 година не се превземени мерки од страна на субјектот.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 3.932 | 5.899 |
| Трансфери и донации | 94 | 356 |
| **Вкупно приходи** | **4.026** | **6.255** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 4.008 | 5.860 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 107 |
| **Вкупно тековни расходи** | **4.008** | **5.967** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 201 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **201** |
| **Вкупно расходи** | **4.008** | **6.168** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **18** | **87** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 18 | 87 |
| **Вкупно тековни средства** | **18** | **87** |
| **Вкупна актива** | **18** | **87** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 18 | 87 |
| **Вкупно тековни обврски** | **18** | **87** |
| **Вкупна пасива** | **18** | **87** |